## 3. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО ОРАЛНА ХИРУРГИЈА

Дел од програмата на специјализација е заеднички за сите специјалистички и супспецијалистички програми и содржи теоретска настава од областите; научно-истражувачка работа, донесување на клиничка одлука, комуникациски вештини, тимска работа, управување со системот, способност за стекнување и пренесување на знаења, етика и промоција на здравјето во времетраење од 1 месец.

**<u>Траење на структура на специјализацијата</u>**

Специјализацијата по орална хирургија трае три години:

| | |
|---|---|
| - општи гледишта на специјализацијата | 1 месец |
| - теоретска специјалистичка настава (орална хирургија) | 6 месеци |
| - максилофацијална хирургија | 9 месеци |
| - пластична и реконструктивна хирургија | 1 месец |
| - оториноларингологија | 1 месец |
| - анестезија, реанимација и интензивна терапија | 1 месец |
| - онкологија | 15 дена |
| - радиологија | 15 дена |
| - ортодонција | 15 дена |
| - болести на уста и пародонтот | 1 месец |
| - стоматолошка протетика | 15 дена |
| - ургентна медицина | 1 месец |
| - орална хирургија 2 | 13 месеци |

Менторите извршуваат континуиран непосреден или посреден надзор врз стекнувањето на знаења и способности. За да се постигне соодветен квалитет на специјализацијата, стекнатото знаење и способностите на специјализантот се проверуваат со постојан надзор и повремени проверки на знаењето преку полагање на колоквиуми, по завршувањето на квалификациите на одредена наставна единица. Колоквиумите можат да бидат пишани или усни.

Специјализантот барем еднаш годишно јавно го прикажува стекнатото знаење на начин кој секој пат го одредува главниот или непосредниот ментор.

- Претставување на анализата на група пациенти или одреден интересен клинички пример на стручна средба на група стручњаци во наставните простории или надвор од нив;
- Подготовка и водење на клиничка конференција со тема која е опфатена од областа на специјализацијата;
- Објавување на статија во рецензирано домашно или во странско стручно списание со тема од програмата на специјализацијата.

За продолжување на специјализацијата потребни се успешно положени колоквиуми и позитивна оцена секоја година од страна на главниот ментор.

**<u>Програма на специјализацијата</u>**

Програмата го оспособува кандидатот да:

- Ја совлада етиологијата, патогенезата, клиничката слика и лекувањето на болестите кои спаѓаат во рамките на оралната хирургија и кои ќе ги третира сам или ќе ги насочи на установа од терцијарно ниво;
- Биде квалификуван за основна хируршка техника;
- Ги совлада сите хируршки интервенции кои спаѓаат во рамките на оралната хирургија како и оперативната нега на пациентите;
- Се стекне со знаење за спречување и лекување на постоперативните компликации;
- Ја совлада вештината на менаџирањето на болката и стравот;
- Ги совлада основите на истражувачката дејност;

Специјалистичкото образование му овозможува на специјализантот пошироки познавања за физиологијата на загризот, одонтолошката радиологија, оралната микробиологија и патологија, виличната ортопедија, интерната медицина и сродните хируршки струки.

Специјализантот учествува во сите болнички активности т.е. во амбулантното работење со пациентите, во негата на хоспитализираните пациенти, при хируршката работа, во дневното и ноќното дежурство.

Учествува и во наставата како и во клиничката и базичната истражувачка работа.

**<u>Содржина на програмата</u>**

**Орална и максилофацијална хирургија**

Времетраење : 28 месеци

Програмата содржи и 6 месечни теоретски предавања вклучени во турнусот орална хирургија 1. Специјализантот се запознава со оперативната техника во локална инфилтративна и спроводна анестезија како и во општа инхалациона, интравенозна и ендотрахелна анестезија. Треба да асистира, а потоа и самостојно да ги изведе сите оперативни интервенции од оралната хирургија вклучувајќи ја и имплантологијата и амбулантната грижа за пациентот, совладување на компликациите за време на хируршките интервенции и по нив.

Совладување на дијагностиката и лечењето на акутните и хроничните воспаленија. Подготовката на вилицата и забите носачи за протетско оптоварување. Дијагностиката и основите на терапијата на максилофацијалните повреди и рехабилитацијата на повредените. Основите на хируршката терапија и дисгнатија. Рана дијагностика на малигни тумори. Принцип на лечење на туморите од максилофацијалната област и реконструкција на настанати дефекти. Принципите на лечење на вродените аномалии. Дијагностика и лечење на дисфункции на вилиците и болки во пределот на лицево-виличниот комплекс.

**Интервенции** кои специјализантот треба да ги изврши:

| | |
|---|---|
| • Типични и оперативни екстракции | 190 |
| • Отстранување на ретинирани-импактирани заби | 70 |
| • Апикотомија | 40 |
| • Одонтогени цисти | 20 |
| • Претпротетски хируршки интервенции | 35 |
| • Хируршко-ортодонтски интервенции | 35 |
| • Затворање на ороантрална комуникации | 5 асистенции, 3 интервенции |
| • Вградување на дентални импланти | 10 |

| **Максилофацијална хирургија** | **асистенции** |
|---|---|
| • Операција на максиларниот синус | 20 |
| • Лечење на фрактури на вилица (конзервативно или хируршко) | 10 |

- Лечење на фрактура на зигоматичната коска 5
- Лечење на фрактура н средниот дел на скелетот на лицето 3
- Малигноми 5
- Расцепи 5
- Ортогнатски операции 5

**Пластична и реконструктивна хирургија**
Времетраење : 1 месец
Специјализантот треба да ги запознае основните начела на пластичната и реконструктивната хирургија, транспозиција и трансплантација на ткива, пред се кожа.

**Асистенции**

- З-пластика 3
- Ексцизија на лузна на лицето 3
- Земање слободен трансплантат од кожа 1
- Локален резен 2
- Лечење на помали тумори на лицето 2

**Оториноларингологија**
Времетраење: 1 месец
Специјализантот треба да се запознае со дијагностиката и терапијата на воспаленијата од обласа на оториноларингологија со акцент на одонтогено предизвикани воспаленија, како и повредите во областа на оториноларингологија. Дијагностика на туморите, пред се во пределите кои граничат со максилофацијалната област. трахетомија, нега и лечење на пациентот со трахеотомија. Синускопии. Функционална хирургија на носот. Основи на фонијатрија, логопедија и аудиометрија,
Оперативни интервенции:
Присуствува на оперативни интервенции и да **асистира** на:

- Трахетомија 1
- Директоскопија 1
- Синоскопија 2

**Анестезија, реанимација и интензивна терапија**
Времетраење:1 месец
Специјализантот ги запознава основите на општата анестезија, особеностите на анестезијата кај максилофацијалниот пациент, основни постапки за оживување. Интензивна терапија и нега на оперираниот или повредениот пациент. Теоретско и практично запознавање на различните начини на лечење на постоперативните болки.
Теоретски знаења и учество во следните **интервенции:**

- Учествување при анестезија (воведување, одржување, будење и постоперативно оздравување) 10
- Интубација 3
- Воведување на венски катетер 10

**Онкологија**
Времетраење : 15 дена
Специјализантот се запознава со:

- Основите на радиотерапија и медикаментното лечење на примарните тумори во максилофацијалната област и метастазите. Комбинираните хируршки и нехируршки начини на лечење на малигномите;

- Потреба од работа во група при интердисциплинарно лечење на пациентите со канцер, при програмирањето на дијагностичките и терапевтските постапки;
- Значење на хистолошката верификација и типизација и одлучување на степенот на диференцираност на туморот за избор и планирање на терапијата и прогнозата;
- Значење на одредувањето н стадиумот на рашіреност на болеста пред терапијата според тнм системот и дијагностичките начини кои се потребни за тоа (пример: едноскопија, лимографија, сцинтиграфија, аспирациона биопсија итн.), индикации за различни начини на лечење на нивна комбинација (хирургија, радиотерапија, хемотерапија, ендокрина терапија, имунотерапија) и со тоа во врска со резултатите од лечењето, улога на хирургијата во онкологијата имајќи ја предвид нејзината цел (куративна, палијативна, симптоматска, адјувантна, реконструктивна);
- Начелана оперативните техники при малигните тумори земајќи ги предвид можните компликации кои се однесуваат на специфичноста на болеста и можното претходно радиациско или хемиско лечење;
- Начела и техника на интраартериална хемотерапија;
- Начини на радиотерапија;
- Значењето на редовните повремени контроли прегледи по лечењето;
- Рехабилитација на пациентите болни од рак (физичка, психичка и социјална)
- Цел на значење на задолжителните пријавувања на заболувањата од рак и нивна централна регистрација, како и задолжување на докторот да го изврши истото;
- Ги осознава типичните патолошки дијагнози и соработка при конзилијарни разговори и прегледи на пациентите со малигном на главата и вратот.

**Радиологија**

Времетраење: 15 дена

- Специјализантот се запознава со техниката, принципите и интерпретацијата на радиографските истражувачки методи, кои се употребуваат при прегледувањето на главата и вратот. Присуствува на редовни клинички состаноци кои се посветени на патологијата на главата и вратот .

**Ортодонција**

Времетраење : 15 дена

- Ја извршува дијагностичката постапка и планот за лечење на 5 пациенти.

**Болести на устата и пародонтот**

| Времетраење: 1 месец | **Интервенции** |
|---|---|
| • Учество при пародонтолошки хируршки интервенции | 10 |

**Стоматолошка протетика**

Времетраење : 15 дена

- Треба да се едуцира во областа на претпротетската хируршка терапија и да се запознае со протетското планирање на постава на денталните импланти на 5 пациенти. Запознавање со основите на гнатологијата.

**Ургентна медицина**

Времетраење: 1 месец
Се запознава со физикалниот преглед на пациентот, интерпретација на дијагнозите на основните интернистички прегледи: биохемиски, ренгенолошки и ЕКГ. Се запознава со препознавањето на ургентните состојби во интерната медицина, нудењето прва помош, дијагностичките и терапевтските постапки, пред се при анафалактичка реакција, застои во дишењето, пречки на срцевиот ритам со застои на срцето и ненадејно губење на свеста. Специјализантот се запознава со препознавањето на загрозен пациент, потребните сигурносни постапки и можната потреба од прилагодувањето на орално-хируршките постапки.

1. Внесувањето под реден број нека претставува хронолошки редослед на квалификација
2. Квалификацијата може да се извршува само ка овластени извршувачи (прилог: табела на овластување)
3. Во случај установата да е овластена само за дел од времетраењето, специјализантот остатокот го извршува во установа која е овластена за целото времетраење
4. Траење на одредената област треба да биде соодветна со програмата на специјализацијата